Врз основа на член 67 став (1) точка 2 потточка 2.2, член 54 точка 2 потточка 2.8, а во врска со член 110 став (2) точка 15 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 април 2026 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за одобрување на Правила за работа на организираниот пазар на електрична енергија**

1. Се одобруваат Правилата за работа на организираниот пазар на електрична енергија доставени од страна на Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје.
2. Се задолжува Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје да ги донесе одобрените Правила од точка 1 од оваа одлука и да ги објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на својата веб страница.
3. Оваа одлука се доставува до Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје.
4. Оваа одлука влегува со сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 67 став (1) точка 2 потточка 2.2 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) одобрува, правила, планови и програми донесени од соодветните оператори.

Согласно член 54 точка 2 потточка 2.8 од Законот за енергетика* Регулаторната комисија за енергетика ги одобрува правилата за работа на организиран пазар на електрична енергија, а врз основа на член 110 став (2) точка 15 од Законот за енергетика* тргувањето на организираниот пазар на електрична енергија се врши согласно правилата за работа на организираниот пазар на електрична енергија кои ги изготвува и донесува операторот на организиран пазар, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика.

Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје со допис бр. 10-2524/1 од 23 февруари 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика достави на одобрување Правила за работа на организираниот пазар на електрична енергија заведени во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.12-280/1 од 24 февруари 2026 година.

На 23 март 2026 година МЕМО ДООЕЛ Скопје организираше јавна расправа на којашто беа презентира Предлог Правилата за работа на организираниот пазар на електрична енергија. По одржувањето на јавната расправа, Регулаторната комисија за енергетика до Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје достави забелешки на предложениот текст, додека на 8 април 2026 година се одржа состанок со цел појаснување и имплементирање на забелешките дадени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

По усогласување на текстот, Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје со допис бр. 10-2524/2 од 9 април 2026 година до Регулаторната комисија

за енергетика достави на одобрување Правила за работа на организираниот пазар на електрична енергија заведени во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.12-280/2 од 9 април 2026 година.

Правилата за организираниот пазар на електрична енергија, согласно решение за свикување на подготвителна седница бр.02-566/1 од 9 април 2026 година, беа предмет на расправа на подготвителна седница која се одржа на 15 април 2026 година. Од дискусијата на подготвителната седница произлезе дека освен технички забелешки, нема дополнителни коментари коишто влијаат на текстот на Правилата за организиран пазар на електрична енергија.

На 16 април 2026 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која ги разгледа и одобри Правилата за работа на организираниот пазар на електрична енергија, кој што се во прилог на оваа одлука.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-280/3**
**16 април 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување на комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

**Прилог:**

- Правила за работа на организираниот пазар на електрична енергија